ЛОКАЛНА БИБЛИОТЕКА
"ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Бр. 05-2014
27-01-2025 год.
ВЕЛЕС

SNEZhANA BOShEVSKA
Digitally signed by SNEZhANA BOShEVSKA
Date: 2025.02.17 12:04:09 +01'00'

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЛОКАЛНАТА БИБЛИОТЕКА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ВЕЛЕС ВО 2024 ГОДИНА



јануари-2025г.

СОДРЖИНА

Вовед.......................................................3 стр.

**I.** Организациска структура.......................................................3 стр.

**II.**Библиотечна дејност.......................................................5стр.

1. Набавка на книжен фонд.......................................................6стр.

2. Оддел за техничка обработка на монографски публикации во Одделот за возрасни................6стр.

3.Оддел за стручна обработка( каталогизација) на монографски публикации во Одделот за возрасни.......................................................6стр.

4.Оддел за техничка обработка на монографски публикации во Одделот за деца........................6стр.

5. Оддел за стручна обработка( каталогизација) на монографски публикации во Одделот за возрасни.......................................................7 стр

6. Оддел за позајмување, услуга и информации за возрасни корисници.......................................7стр.

7. Оддел за позајмување, услуга и информации за деца корисници.......................................7стр

8. Оддел за роднокрајна збирка и библиографии.......................................................7стр.

9.Оддел за заштита и репрографија на библиотечниот фонд.......................................7стр.

10.Оддел за периодични публикации.......................................................8стр.

11.Оддел за странска литература....................................................... 8стр.

12.Оддели во организациските единици Богомила и Градско.......................................9стр.

13.Оддел за матична дејност.......................................................10стр.

**III.**Инвестиции ....................................................... 11стр.

**IV.** Краток осврт кон реализирани активности.......................................................12стр.

**V.**Соработки со други институции.......................................................36стр.

**VI.** Заклучни согледувања.......................................................37стр.

## Вовед

Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес е еден од носителите на културното живеење во градот. Таа претставува топол дом на книгата, свет храм на мудроста од каде што се црпи знаење кое нашите предци ни го оставиле нам за да го сочуваме и да го предадеме на идните генерации. Библиотеката, како културна установа од јавен карактер е место каде што се складира и чува културното богатство, каде се негуваат и надоградуваат културните, воспитно-образовните вредности на сите граѓани. Има голема улога да го зачувува наследството, да се промовираат традицијата и литературата на разни култури, преку набавка на збирки и преку пристап до печатени книги на разни јазици.

Библиотеката со своите книжевни, но и организаторски ресурси е јадро кое овозможува акумулирање на голем број граѓани кои имаат потреба од активен културен живот. На тој начин, таа одигрува водечка улога во креирањето но и задоволувањето на културните стандарди на граѓаните на Општина Велес. Акумулираното искуство, како од областа на книжевната наобразба, така и од областа на книжевното творење, секако ќе одигра важна улога во остварувањето на примарната цел - издигнување на библиотеката на едно ново ниво - мултифункционална библиотека, која ќе игра клучна улога во културниот живот во градот. Библиотечното функционирање е еден од најважните сегменти за квалитетно културно егзистирање на граѓаните на Општина Велес.

Овој Извештај содржи основни податоци за видот и обемот на реализираните активности и проекти на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ во текот на 2024 година.

## I.Организациска стрктура

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Целосен назив | Локална библиотека „Гоце Делчев“ |
| 2. | Адреса | ул. „Алексо Демниевски“, бр.11 ,1400 Велес. |
| 3. | Телефон | 043 212 032,<br>Позајмна служба-075 312 139 |
| 4. | Е-адреса | contact@bibliotekaveles.org.mk |
| 5. | Веб-страница | bibliotekaveles.org.mk |
| 6. | Работно време | Секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот |
| 7. | Раководно лице | Снежана Бошевска |

За успешно остварување на задачите и функциите предвидени со Законот за култура и Законот за библиотеките, Библиотеката ја организираше својата дејност преку следниве служби:

-Административна служба (секретар-благајник, книговодител,архивар)

-Стручна служба (библиотекари)

-Помошно - техничка служба(хигиеничар и парноложач)

Со правилник за систематизација на работните места во Локалната библиотека „ГоцеДелчев“ Велес 01-145/1 од 25.8.2020година систематизирани се 15 работни места. До крајот на 2024година

библиотеката има 9 вработени: директор-именувано надворешно лице, 4 библиотекари,1 библиотекарски помошник,1 самостоен библиотекатски помошник, 1 хигиеничар и 1 парноложач.

Со Библиотеката во текот на 2024година раководеше Раководен орган-Директор.

Со Библиотеката во текот на 2024година управуваше Управен Одбор составен од 5 члена. Претставници од вработените се :

1.Гордана Васковска-Библиотекар

2.Павлина Најдова-Библиотекар

Претставници од основачот Општина Велес:

1.Анита Станинова Мирчева-професор по Македонски јазик

2.Ненад Витанов-актер

3.Елеонора Игновска-професор по Македонски јазик

**Помошно - техничка служба -Оддел за техничко одржување на објектот -**

Во текот на 2024г.вработените лица во помошно техничката служба се хигиеничар и парноложач. Лицата за одржување хигиена и за одржување на системот за парно греење совесно ги вршеа своите работни задачи. Хигиената во Библиотеката е на високо ниво. Во оваа служба лицето одговорно за системот за парно греење се грижеше за негово непречено фукнционирање.

**Раководниот орган-Директорот ги извршуваше следниве работни задачи:**

- Ја организираше, ја координираше и непосредно раководеше со работата на Библиотеката;
- Се грижеше за законитоста на работата и за обврските што произлегуваат од неа;
- Ја претставуваше и ја застапуваше организацијата и во нејзино име склучуваше договори;
- Се грижеше за реализацијата на договорите со други правни лица;
- Изработи Годишна програма за работа, проекти од областа на културата и библиотечното работење;
- Ги следеше состојбите и проблемите и преземаше мерки за развој и унапредување на организацијата на работа;
- Изготви Извештај за работата на библиотеката за изминатата година;
- Ги спроведуваше законските одлуки од Управниот одбор и изготвуваше решенија и одлуки;
- Ја следеше библиогарфијата и имаше увид во набавката на литература;
- Ја организираше матичната дејност на библиотеката, односно се грижеше за успешна организација на промоции на нови изданија, на литературни конкурси, тематски работилници итн.;
- Работеше на подготовка на предлозите на актите на библиотеката;
- Континуирано соработуваше со медиумите, невладиниот сектор, Локална самоуправа, Министерство за култура и други библиотеки .

**Административна служба-Оддел за организациско-административни работи**

Во овој оддел се извршуваа следниве работни задачи:

- Заведување на влезни фактури и нивно плаќање и грижа за правилно канцелариско и архивско работење;
- Месечна пресметка и исплата на плати, изработка на МПП, сите видови плаќања, вирмански и во готово за трите сметки на библиотеката и сите благајнички работи;
- Водење Книга на основни средства и другата потребна евиденција;

- Изготвување решенија по разни основи, записници, одлуки од седниците на Управниот одбор, одлуки од директорот;
- Редовно се следат и се применуваат новините во финансиско-благајничкото работење кое се одвива согласно со важечките прописи за финансиското и сметководствено работење;
- Изготвување завршни сметки за трите жиро-сметки, годишен извештај за пресметаните придонеси, даноци и нето плата;
- Изработување месечни, квартални и годишни статистички извештаи и доставување до Заводот за статистика;
- Изготвен е Годишен, Квартален и Месечен план за 2024г. и доставени се до службите во Општина Велес и Министерството за култура.

## II. Библиотечна дејност

Во составот на Библиотеката работат повеќе оддели кои во 2024 година успешно ги извршуваа тековните задачи, постигнувајќи позитивни резултати во развивање и унапредување на библиотечната дејност преку набавување, собирање, стручно и научно истражување, чување, објавување, презентирање, афирмирање и давање на користење на библиотечниот материјал. Задачите предвидени за извршување во сите Оддели ги обавуваа сите вработени во Библиотеката со меѓусебно надополнување.

- Оддел за техничка обработка на монографски публикации за возрасни корисници;
- Оддел за стручна обработка( каталогизација) на монографски публикации во Одделот за возрасни.
- Оддел за техничка обработка на монографски публикации за деца.
- Оддел за стручна обработка( каталогизација) на монографски публикации во Одделот за деца.
- Оддел за матична дејност;
- Оддел за периодика;
-Оддел за набавка на книжен фонд
- Оддел за роднокрајна збирка и библиографии;
- Оддел за странска литература;
- Оддел за позајмување, услуга и информации за возрасни корисници;
- Оддел за позајмување, услуга и информации за деца корисници;
- Оддел за позајмување и услуга со стручна обработка во Организациските единици во Богомила и Градско;
- Оддел за заштита и репрографија на библиотечниот фонд-книговезница;

### Остварени активности по оддели

### 1.Набавка на книжен фонд

Во текот на 2024 год. набавени се 2913 книжни единици, од кои 1548 се купени, а 1365 се добиени како подарок. Од страна на Комисијата за набавка на книги беа земени предвид потребите на членовите и истовремено се следеа актуелните трендови во издавачката продукција. Се следеа актуелните трендови кога се во прашање популарните наслови. Се замаа и во превид прелозите на

нашите членови кои ги оставаа во поставените кутии за во ходникот на Библиотеката. Моментално Библиотеката располага со околу 124 243 публикации од сите Оддели и катчиња.

**2. Оддел за техничка обработка на монографски публикации во Одделот за возрасни**

Во текот на 2024год. комплетно се обработени, систематизирани, предметизирани, сигнирани, инвентарирани, 1817 монографски публикации, од кои 806 се купени, а 1011 се примени како подарок. Стручната техничка обработка по области беше извршена според современите библиотечни стандарди и нормативи во програмата COBISS 3. Вкупно публикации до крајот на 2024г. во Одделот за возасни има 81 168. Најчитана книга во овој оддел за 2024г. е „Домашен фронт" од Кристин Хана. Највозрасен читател за 2024г. е Марија Питиќова. Најчитател во категорија од средно образование е Василка Карталова. Најчитател во категорија студент е Андријана Јакимова. Најчитател во категорија ворасни читатели е Билјана Стојановска. Најчитател во категорија пензионер е Светлана Есенчева. Сите овие најчитатели ќе добијат бесплатно членство и Благодарница.

**3.Оддел за стручна обработка( каталогизација) на монографски публикации во Одделот за возрасни.**

Во текот на 2024г. Одделот продолжи со каталогизацијата во COBISS 3 (кооперативен онлајн библиографски систем и сервиси) и каталозите континуирано беа одржувани и дополнувани.

Библиотекарите од Локалната библиотека „Гоце Делчев", Велес максимално се ангажирани околу обработка на стариот книжен фонд по новите стандарди и обработка на новонабавениот фонд со кој располага библиотеката со цел да се достигнат стандардите во современиот начин на библиотекарското работење. Во 2024 година, се продолжи со компјутерска обработка на постоечкиот книжен фонд, по системот COBISS 3. Целта е заштита, зачувување и достапност на публикации значајни за македонската наука, култура и уметност, информирање, презентирање, афирмирање и давање на користење на библиотечниот материјал. За информирање на јавноста за начинот на користење на COBISS мк изработените видеа со упатство се споделени на Youtube каналот на Библиотеката и на социјалните мрежи.

**4. Оддел за техничка обработка на монографски публикации во Одделот за деца**

Во текот на 2024 год. комплетно се обработени, систематизирани, предметизирани, сигнирани, инвентарирани, 524 монографски публикации, од кои 439 се купени, а 85 се примени како подарок. Стручната техничка обработка по области беше извршена според современите библиотечни стандарди и нормативи во програмата COBISS 3. Вкупно публикации во овој Оддел до крајот на 2024г има 23 493. Најчитана книга во овој оддел за 2024г. „Пајажината на Клементина" од Елвин Брунк Вајт. Најмлад читател за 2024г е Чедомир Костадиновски. Најчитател за 2024г. во категорија од предучилишна возраст е Искра Бабуновска. Најчитател во категорија од основно образование е Ана Митровска.Сите најчитатели ќе добијат Благодарница и бесплатна членарина за 2025г.

**5. Оддел за стручна обработка (каталогизација) на монографски публикации во Одделот за деца**

Во текот на 2024 г.Одделот продолжи со каталогизацијата во COBISS 3 и во текот на оваа година, каталозите континуирано беа одржувани и дополнувани. Библиотекарите максимално се

ангажирани околу обработка на стариот книжен фонд по новите стандарди и обработка на новонабавениот фонд со кој располага библиотеката со цел да се достигнат стандардите во современиот начин на библиотекарското работење. Во 2023 година, се продолжи со компјутерска обработка на постоечкиот книжен фонд, по системот COBISS 3. Целта е заштита, зачувување и достапност на публикации значајни за македонската наука, култура и уметност, информирање, презентирање, афирмирање и давање на користење на библиотечниот материјал. За информирање на јавноста за начинот на користење на COBISS мк изработено е видео со упатство кое е споделено на Youtube каналот на Библиотеката.

**6. Оддел за позајмување,услуга и информации за возрасни корисници**

Овој оддел е посебно значаен и сложен со оглед на разновидните барања, потреби и интересирања на корисниците. Овде, всушност, се остварува онаа најнепосредна врска помеѓу книгата, читателот и библиотекарот. Одделот е наменет за сите корисници постари од 14 г.,по затоа овде се спојуваат и читатели од различни генерации со најразновидни читателски интересирања, навики и идеи. Вработените во овој оддел во текот на целата година даваа информации по барање на читателите на теми од сите области. Електронскиот систем на зајмување овозможува пребарување и лесен и брз пристап до бараната информација со можност да се резервира и да се продолжи библиотечната граѓа.

До крајот на 2024година во Одделот за возрасни имаше вкупно 3 408 искористени членски броеви а додека во целата година новозачленети се вкупно 110. Мораме да напоменеме дека некои од овие членски броеви се неактвни одредено време а потоа некои повтроно се активираат според потребите на членовите. Некои пак подолгвреме не се активни поради повеќе причини-иселување во странство, премин од една во друга категорија, смрт, или други причини. Со цел добивање на пореални податоци библиотеката треба да постапи кон остранување на долгогодишни неактивни членови. Од вкупниот број на членови во текот на 2024 година активни беа 1 020 членови. Според Правилник за начинот и висината на надомест за користење на услугите на Библиотеката 01-297/1 од 28.10.2023г минатата година во библиотеката продолжи бесплатното зачленување за корисниците на социјална помош како и лицата со посебни потреби, со напомена дека членството запознува од 1 јануари до 31 декември. Ова е со цел да им се овозможи на сите граѓани рамноправно да го користат вкупниот книжен фонд. Бесплатно членство добија и прогласените најчитател и највозрасен читател за 2023г.

**7. Оддел за позајмување, услуга и информации за деца**

До крајот на 2024 година во Одделот за деца беа запишани 177 нови читатели со што вкупно до крајот на 2024г има 3036 искористени членски броеви. Мораме да напоменеме дека некои од овие членски броеви се неактвни одредено време а потоа некои повтроно се активираат поради потребите на членовите. Некои пак подолгвреме не се активни поради повеќе причини-иселување во странство, премин од една во друга категорија, смрт, или други причини. Со цел добивање на пореални податоци библиотеката треба да постапи кон остранување на долгогодишни неактивни членови. Од вкупниот број членови во овој Оддел во текот на 2024 година активно ги користеа услугите 985 членови. Во овој оддел членови и корисници се деца до 14 години.

Покрај позајмувањето и услугата на корисниците со монографски периодични публикации се врши и. Според Правилник за начинот и висината на надомест за користење на услугите на Библиотеката 01-297/1 од 28.10.2023г. минатата година во библиотеката продолжи бесплатното зачленување за корисниците на социјална помош како и лицата со посебни потреби, со напомена дека членството запознува од 1 јануари до 31 декември. Бесплатно членство добија и прогласените најчитател и најмлад читател за 2023г. Децата од предучилишна возраст и учениците од прво одделение се ослободени од плаќање на годишна членарина со цел да им се овозможи на сите граѓани рамноправно да го користат вкупниот книжен фонд.

**8. Оддел за роднокрајна збирка и библиографии**

Во овој оддел во текот на 2024 година се прибираа, чуваа, инвентарираа, и се обработија 89 публикации издадени од истакнати културни и други дејци коишто се родум од Велес без оглед каде сега живеат и ги објавуваат своите книги. Вкупно во овој Оддел се до сега се внесени и обработени 840. Од овој оддел на корисниците им се овозможуваа информации за животот развојот и творештвото на велешки автори и автори од околните населени места. Овој фонд содржи: книги, периодика, списанија, весници и фотографии. За популаризација на овој фонд беа организирани литературни средби со роднокрајни автори. Работата во овој оддел ја извршуваа сите вработени билиотекари.

**9.Оддел за заштита и репрографија на библиотечниот фонд**

Во текот на 2024год. извршено е обновување-лепење и подврзување на оштетени книги од целокупниот книжен фонд на Библиотеката. Во овој оддел во 2024г. заштитени се 48 оштетени книги. Работата во овој оддел ја извршуваат сите вработени билиотекари.

**10.Оддел за периодични публикации**

Во текот на 2024 година Локалната библиотека „Гоце Делчев", Велес континуирано набавуваше „Службен весник" кој е достапен за сите граѓани од Велес. Во Библиотеката се чуваат и стари весници на "Нова Македонија" и „Вардарски глас". Со започнатиот процес на дигитализација во електронска форма постепено се зачувуваат првите броеви од месечниот локален весник "Вардарски глас" и се објавуваат на web-страницата на библиотеката. Во 2024г. Библиотеката продолжи да набавува и да биде претплатник на списание Месечен билтен за финансии, буџети во издание на Македонија биро кое служише како поткрепа во работата на административната служба и Директорот во однос на сите правни и законски постапувања. Продолжи поддршката во откуп на списанието „Велес" во издание на Клуб на писатели „Коста Солев Рацин".

**11.Оддел за странска литература**

Библиотеката располага и со литература на странски јазици со цел задоволување на потребите на сите корисници. Во Библиотеката има определено неколку катчиња со странска литература. Библиотеката се труди да ги задоволи потребите на сите љубители на книгата.Поседува литература која е на повеќе јазици дел од нив се организирани во посебни катчиња , а дел од таа литеретатура е во целокупниот фонд на библиотеката.Како посеби катчиња се англиското француското и роднокрајното катче.

Англиското катче располага со литература на англиски јазик од различни жанрови. До крајот на

2024година содржи 1 485 наслови на книги. Постојано се внесуваат во COBISS-системот. Во изминатата година е забележана зголемена позајмица на литература од него. Француското катче до крајот на 2024година брои 1635 публикации кои истотака тековно ќе се внесуваат во COBISS-системот. Библиотеката поседува и литература на српскохрватски јазик од кои претежно се стари наслови и не се организирани во посебно катче. На албански јазик Библиотеката има 1640 наслови како и мал број на публикации на турски, ромски, босански, српски и руски јазик. Во изминатата 2024г. Библиотеката оствари соработка со Гете - институтот, Скопје и Амбасадата на СР Германија во Скопје, Хајке Јовевски кои донираа околу 90 наслови на литература на германски јазик со што бројот на публикации на германски јазик се зголеми и има публикации од различен жанр.Остварена е и соработка со на Амбасадата на Руската федерација на РСМ коишто донираа скромен број на литература на руски јазик.

**12. Оддел за позајмување и услуга со стручна обработка во организациските единици Богомила и Градско**

Како составен дел на Библиотеката функционира организациска единица во Градско, додека пак во Богомила не беше во употреба.

Во текот на 2024 година во организациската единица Градско се дополнуваа книжните фондови со нови изданија и тоа со вкупно 13 504 библиотечна единица, од 294 се купени, а 134 се подарени. Тие стручно се обработуваа, се вршеше упис на нови членови, попис на книжниот фонд и се услужуваа членовите со потребниот библиотечен материјал. Во оваа организациска единица во текот на 2024 запишани се 110 члена. Во оваа организациска единица до крајот на 2024г.има вкупно 14 026 книги. Бесплатно членство добија и прогласените најчитател и највозрасен читател за 2023г. Најчитател од Одделот за деца од организациската единица во Градско за 204г.е Глорија Сандев а најчитател од Одделот за Возрасни за 2024г. е Жаклина Маркова

Во текот на 2024 година, Организациската единица Богомила не беше во употреба. Организациската единица Богомила располагала со 6 142 библиотечни единици, кои биле дадени на времено користење на ООУ„Тодор Јанев“ Чашка врз основа на: Барањето на градоначалникот на Општина Чашка, Горан Стојановски, со број 03-1894/1 од 03.11.2018 година; Одговорот од градоначалникот на Општина Велес, Аце Коцевски, на Барањето на директорот на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес, Игор Крајчев, со број 03-171/2 од 27.12.2018 година; Одлука од Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за времена дислокација на книжниот фонд во ООУ„Тодор Јанев“ Чашка со број 02-47 од 20.02.2019г. и Записник од примопредавање на книжниот фонд од 21.02.2019г. со број 03-50 од 27.02.2019г.На ден 15.2.2022г. по записник бр.03-30, од страна на ООУ„Тодор Јанев“ Чашка сите книги и дел од инвентарот биле донесени во просториите на Библиотеката во Велес. Останатиот уништен инвентар бил даден како предлог за расходување. Со тоа во Општина Чашка, Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес не поседува никаков инвентар, книги и друг библиотечен материјал. Во измината 2024година на предлог на Комисијата за отпис на библиотечен материјал,според препораките од Извештајот од извршениот инспекторки надзор, и со Одлука на УО целокупниот книжевен фонд кој е зачуван од оваа организациона единица е даден за отпис. Поради целосната дораеност на библиотечниот

материјал кој е во процес на распаѓање и сосема наупотреблив Комисијата одлучува да се даде во отпад.

**13. Оддел за матична дејност**

Локалната библиотека „Гоце Делчев“,Велес, матичната дејност ја остварува и преку организирање на бројни активности на полето на **промоција и афирмација на библиотеката**, популаризација и доближување на книгата до читателот, како и привлекување на поголем број корисници и посетители преку различни активности, промоции, изложби, презентации, семинари, трибини, одбележување на значајни јубилеи, работилници и други манифестации со цел збогатување на културната програма на градот Велес. Книгите редовно се внесуваат во COBISS-системот и се испечатени влезните и инвентарните книги, со што се создаде основа врз која многу полесно ќе се извршуваат задолжителните ревизии на секои пет години, обврзани со Законот за библиотеки. На читателите им се олесни пребарувањето и позајмувањето на книжниот фонд со кој располага библиотеката преку интернет со поставување на видео со инструкции за негово користење. За поттикнување на љубов кон библиотечната дејност се одржа и натпреварот Млади библиотекари на којшто на **23 Републички натпревар „Млади библиотекари"**, нашата библиотека претставувана од ученикот Андреј Петровски од ООУ „Даме Груев" со ментор Лидија Каратулкова од Градско, го освои второто место. Натпреварот се одржа во библиотеката „Тане Ѓеоѓиевски" - Куманово , во кој учествуваа 25 натпреварувачи од библиотеките од Македонија. Овој натпревар традиционално се одржува секоја година во организација на БЗМ.

Аплициравме со осум проекти на Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес од областа на културата за 2025 година:

1.„Читаме домашни автори“ - проект за промоција на домашни автори преку набавка на книги и нивно јавно промовирање пред соодветна публика;

2.Пристап и користење на COBISS.MK - проект наменет за едукација на членовите за користење на COBISS.MK – апликацијата.

3.„Со книга до добра мисла“-проект за промовирање на поимот библиотерапија и продобивките од читањето кај луѓето

4.„Пеш по светот“-проект наменет за реализација на еднодневна манифестација за уважување на ликот и делото на Коле Неделковски .

5.„Полица за секоја книга“-проект за изработка на полици за книги (паноа и јавна библиотека) за јавно промовирање и презентација на библиотечен материјал.

6.„Лето во библиотека“-проект за спроведување на работилница во јули со деца за поттикнување љубов кон книгата.

7.„Набавка на монографски публикаци за Одделот за возрасни“-проект за набавка на книги со цел зголемување на библиотечна гража во библиотеката и задоволовање на потребите на читателите

8. „Набавка на монографски публикаци за Одделот за возрасни“-проект за набавка на книги со цел зголемување на библиотечна гража во библиотеката и задоволовање на потребите на читателите

Се надеваме дека овие проекти ќе бидат одобрени за финансирање од страна на Министерството за култура и туризам.

-Оваа година е продолжен процесот на **дигитализација** на ретки книги и први изданија заради нивна заштита. Во електорнска форма се поставени на нашата web-страница и книги чии автори дале согласност за тоа. Постепено се внесуваат и зачувуваат првите броеви од месечниот локален весник „Вардарски глас". Поставените електронски записи се достапни јавно за сите читатели.

-Во текот на 2024година читателите ја користеа апликација mCOBISS за регистрација на нивни профили, пребарување на наслови, резервација на посакуваната книга и сл.

-Библиотеката реализираше 4 проекти кои беа финансиски одобрени од страна на Министерството за култура од годишниот конкурс за проекти од национален карактер за 2024г. Од вкупно 6 со коишто аплициравме одобрени и реализирани беа проектите:

1„Полица за секоја книга„-проект за набавка на полици за книги

2.„Аудиокнигите достапни за читателите"-проект за стручна работилница за обработка и средување на аудиокнигите

3.„Лето во библиотека"-проект за четиридневна работилница за едукативни активности со деца во летниот период.

4.„Читаме домашни автори"- проект за набавка на книги од домашни автори за нивна афирмација

## III.Инвестиции

- Се инвестираше во библиотечен материјал; За набавените книги нашата институција потроши вкупно 436 536,00 денари од кои 393 160,00 денари се исплатени од сметката 7110109407 903 10 сметка за наменски дотации, 15 280,00 денари се исплатени од сметката за сопствени приходи метката 7110109407 787 15 и 28 096,00 денари се исплатени од сметката 1801009407 603 11 наменета за исплаќање на финансиските средства кои се добиени за остварување на проекти од национален интерес во културата за 2024 година од страна на Министерството за култура и туризам.

-Се подобрија и осовремениja условите за работа и за библиотекарите со набавка на еден лаптоп 30 990,00денари и набавка на 3 минитори од 14 700,00денари од 22 инчи според насоките од матичната библиотека НУБ „Св.Климент Охридски" Скопје и одделенитето за COBISS мк за работа со нова врзија на апликацијата кои се исплатени од сметката за сопствени приходи 7110109407 787 15

-Изработен е и пулт за позајмната служба во износ од 17 500,00денари кои се исплатени од сметката за сопствени приходи 7110109407 787 15

-Извршено е осигурување на зградата на Библиотеката и опремата во неа од пожар, поплава и кражба за што се исплатени 26 718,00 денари кои се исплатени од сметката за сопствени приходи 7110109407 787 15

-Изработена е проектна документација за адаптација на простор во износ од 11 800,00денари денари кои се исплатени од сметката за сопствени приходи 7110109407 787 15.

-Инвестиција во дрвен изложбен плакар во ходникот кој ќе се користи за изложба на разна литература за кој се потрошени 7 200,00 денари од сметката за сопствени приходи 7110109407 787 15

-Инвестиција во дрвени полици со стаклени врати поставени во Медијатека за кои се потрошени 30 000,00 денари од сметката 1801009407 603 11 наменета за исплаќање на финансиските средства кои се добиени во рамките на Годишната програма за остварување на проекти од национален интерес во културата за 2024 година од страна на Министерството за култура и туризам.

-Се инвестираше со стручното усовршување и надградување на знаењето на вработените и на библиотекарите. Потрошени се вкупно 9 500,00 ден од од сметката за сопствени приходи. Во врска со усовршување во стручноста со библиотечното работење 4 библиотекари го посетија курсевите организирани од НУБ „Св.Климент Охридски" Скопје :

1.Информациска дејност во библиотеките и бази на податоци

Еден библиотекар Павлина Најдова го посетуваше и го положи курсот „Систематизација и предметизација на библиотечниот материјал". Истиот библиотекар го положи испитот за добивање на лиценца за каталогизатор.

## IV. Краток осврт кон реализирани активности

**Проекти и активности кои се спроведуваа тековно преку целата година се:**

-Објавување на **пет најчитани книги** за секој месец од Одделот за возрасни и од Одделот за деца.

-„**Наш предлог книга** "- за деца и за возрасни се објавуваат предлог книги за читање.

-Уважување на **значајни дела и автори**- се споделуваат значајни дела со нивните автори со цел да се потенцираат и уважат посебни датуми.

-Од нашите **роднокрајни автори**-уважување на ликот и делото на роднокрајни автори по повод нивниот роденден, издавање на нова книга или друг значаен датум.

**-Посети на ученици** од сите основни и средни училиште со цел запознавање со начинот и структурата на работа на Библиотеката.

1 ноември-прво одделение од ООУ„Даме Груев" Градско со наставничките Маја Ефтимова и Соња Коруновска

13 јуни-Посета од учениците од прво одделение од ООУ„Васил Главинов" Велес со наставничките Славица Левкова и Александра Величкова Зафировска.

-5 јуни -Посета од учениците од прво одделение од ООУ„Васил Главинов" Велес со наставничките Паулина Ставрева, Маргарита Евтимова и Далиборка Тосева.

-3 јуни-посета на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес ни беа учениците од второ одделение од ООУ „Св.Кирил и Методиј" Велес со наставничките Елена Тодевска и Снежана Стојановиќ.

-Организирање **изложба на новонабавените наслови** со цел информирање на јавноста за новата литература што ја поседува Библиотеката.Редовно се правеа изложби онлајн и на изложбените полици во Библиотеката за сите нови книги.

-Распишување на **литературни конкурси** по разни поводи:

1.Фото конкурс на тема: „Зима со книга"

2.Литературен конкурс по повод 4 февруари-денот на раѓањето на Гоце Делчев

3.Литературен конкурс по повод 8 Март во соработка со Клубот на писатели „Коста Солев Рацин"

4.Литературен конкурс за афоризми во соработка со Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ во рамките на Мегународниот фестивал на сатирата
5.Литературен конкурс по повод Нова година во соработка со Клубот на писатели„Коста С.Рацин“

## ЈАНУАРИ

-Со онлајн изложба и промовирање на Брајовото катче во библиотеката, беше одбележан **Меѓународен ден на Брајовото писмо**. Овој ден се слави на 4 јануари во чест на раѓањето на креаторот на Брајовото писмо, Луј Брај..

-Изработено видео за предлог книги за Божиќните празници. Претставена е празнична атмосфера во нашата библиотека.
https://www.facebook.com/100057105654607/videos/1606622099872994

-Објавување награден **фото конкурс на тема: „Зима со книга“**

-Во период на многу верски празници, денови исполнети со обичаи, традиција и обреди, беа промовирани кратките **филма: „ЛАЗАРЕНКИ**“ -реликвија на етничкиот предел Бојмија и арт филмот **„ОГЛЕДАЛО“** во режија на м-р Силвестер Проле, во продукција на ЈОУ Дом на култура „Македонија“, Гевгелија. Библиотеката поседува литература наменета за културата на македонскиот народ, со сите обичаи, песни, ора, народна носија и целокупната култура што не издвојува од другите народи и не прави посебни.

-По повод раѓањето на Гоце Делчев, Локалната библиотека распиша **литературен награден конкурс за на тема „ Читањето е сонување со отворени очи. “**

- Видео промоцијата на романот „Сполај ти животе“ од велешанецот Томе Каратрајков, во издание на Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ Велес,https://www.youtube.com/watch?v=T5BTPYQft6M...

## ФЕВРУАРИ

-Во организација на Локалната библиотека „Гоце Делчев“, Велес и Општина Велес, се одбележа годишнината од раѓањето на нашиот сограѓанин, **професор д-р Георги Шоптрајанов.** Пред присутните свој настап имаа ученици од ООУ „Васил Главинов“ под менторство на професорките Нада Најдова и Трајанка Стумбова. Свое обраќање имаше и историчарот Слободан Ников кој зборуваше за животот и делото на Шоптрајанов од историска гледна точка.



- Со изведба на поемата „Сердарот“ на Григор Прличев, од страна на учениците од ООУ „Блаже Конески“, под менторство на наставникот Саше Андреевски, во медијатеката на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ се одбележа **нејзиниот патрон**. Библиотеката, како и секоја година, ги награди читателите со најголем број прочитани книги. Најчитател од Оделот за возрасни за 2023 година е Теадора Андова, највозрасен читател е Марија Питиќова. Најчитател од Одделот

за деца за 2023 година е Мелек Муратова, најмлад читател е Калина Нацкова. Во Организациона едница Градско, најчитател од Одделот за возрасни е Велков Аце, најчитател од Одделот за деца е Кавазов Леон. Дипломи им беа доделени и на учениците кои учествуваа на конкурсот „Читањето е сонување со отворени очи". Од институцијата се заблагодарија и на семејството Здравковски кои на почетокот на учебната година ја платија членарината на сите ученици кои се зачленија во библиотеката. Одбележувањето на патронoт празник на библиотеката беше збогатено и со неколку музички точки во изведба на учениците од „Гимназија Кочо Рацин", Ангел Богоевски и Михаил Петковски, а настанот го водеше Магдалена Бобевска.



-Промовирана е **стихозбирката „Патот до божјите очи" на Оливера Станковска**. Професорката Соња Карбева пред присутните го објаснуваше значењето на литературниот вид - сонетен венец. Промотор на книгата беше велешкиот афористичар Атанас Крлевски. Сонети интерпретираа Јана Пљокова, Изабела Жабева и Марија Манева од СОУ Гимназија „Кочо Рацин", а настанот го збогати талентираниот Бубе Лазов со изведба на две музички точки. Водител на настанот беше Јасмина Ѓорѓиевска.

-По повод празникот на љубовта и Св.Трифун ,а во чест на на виното и љубовта, во Библиотеката беше поставена изложба од книги со соодветна содржина.

- Во организација на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес, и Клубот на писатели „Коста Солев Рацин" Велес, денес се одржа **книжевен портрет на македонскиот поет, Ѓорѓи Дебарлиев.** Со прекрасната изведба на „Ај што убаво одат ле мамо" на хорот на Здружението на пензионери, Велес, ги разбранува емоциите кај авторот, кој гордо се декларира како велешанец. Стихови од стихозбирките читаа ученици Ана Бошкова, Јана Пљокова и Анамарија Костовска од СОУ „Гимназија Кочо Рацин" Велес. Водител на настанот беше Јасмина Ѓорѓиевска. За ликот и делото на авторот говореа Атанас Крлевски и Соња Карбева.

-По повод **Меѓународниот ден на мајчиниот јазик,** Младински Центар Велес во соработка со Европска куќа-Велес и поддршка од Библиотеката, организираше работилница за значењето на мајчиниот јазик. Вклучени беа ученици од сите средни училишта од Велес. Професорката Магдалена Сарагиновска преку презентација го објасни потеклото и развојот на македонскиот јазик низ годините. Учениците на забавен начин преку квиз го проверија стекнатото знаење. На крај се упати порака да се чува и негува мајчиниот јазик.

-По повод **Меѓународен ден на читање на бајките** 26 февруари, вработени од Локалната Библиотека "Гоце Делчев", ги посетија дечињата во Објект 1 ,,Маргаритки". Се разговараше за поимот бајка, најзините карактеристики. Децата слушана една бајка и го сликаа доживеано искуство.

**МАРТ**

-се реализираше **Осмомартовки саем на книга** од издавачката куќа „Сакам Книги“ во Велес. Посетеноста беше на завидноо ниво со што се ппотврди љубовта кон книгата од страна на велешани.

- Доделени наградите од конкурсот кој беше објавен по повод **8 Март - Меѓународниот ден на жената** за поетски творби на тема „Мајката - мојата ѕвезда водилка“, во организација на Локалната библиотека „Гоце Делчев“, Велес и Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“, Велес. Благодарност за учениците од музичко – ритмичката секција од петто одделение, ООУ„Васил Главинов“ со своите наставнички Елена Клемова, Сузана Палитовска и Билјана Радевска што ни подготвија свој перфоманс посветен на мајката.



-По повод 8 Март-Меѓународниот ден на жената, во организација на Викимедија МКД, во Библиотеката се одржа **уредувачки маратон на тема „Жената низ историјата“.** Членови на Вики клубот од Велес ја збогатија Википедија на македонски јазик со статии за знајачни жени од светот. Тие имаа можност да уредуваат статии за биографии на познати жени низ историјата. Со овој настан не само што се одбележа 8 Март, туку и се промовираше значењето на жените низ историјата.

-Промоција на најновиот роман од роднокрајниот автор **Емилија Златкова Анастасова со наслов „2248“.** Промотор беше Десанка Николова. Со свои музички точки, Љупчо Стојанов и Дејан Наумов под менторство на професор Илија Настовски од Музичкото училиште „Стефан Гајдов“ Велес, ги разнежнија срцата на присутните. Водител на настанот беше Мартина Стаменкова, додека Марија Бошевска читаше извадоци од романот.



-Во организација на Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ и Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес,беше **промовирана стихозбирката „Заемна спокојност“ на Божидар Јовиќ** на која промотор беше Лили Арсова. Со свои музички точки, Елена Иванова и Ана Јовановска од Музичкото училиште „Стефан Гајдов“ Велес, ги разнежнија срцата на присутните. Водител на настанот беше Јасмина Ѓорѓиева, додека учениците Теа САмарџиева, Никола Спасев, Кристина

Шопова, Мила Јовановска, Александра Чатмова, Изабела Ѓурчиновски, Андреј Димовски, Ана Ѓуровска, Василка Карталова, Марија Бошевска и Искра Ризовска читаа извадоци од стихозбирката.
-Одбележани **50 години литературно творештво на Нада и Веле Алексоски** ! Овој културен настан во организација на Клуб на писатели ,,Коста Солев Рацин" со подршка од Библиотеката.



-Одбележан **Светскиот ден на поезијата** 21 март, со поетско читање на лични поестки творби од ученици од основните и средните училишта. Поезијата доаѓа во миговите на најголема радост или најдлабока тага. Пред присутните стихови исполнети со искрени чувства и голема љубов читаше нашата роднокрајна авторка Десанка Николова. Од сите поетски творби се изгорви една книга од поезија. Присутните ученици ги прочитаа своите стихови на слободна тема.

**АПРИЛ**

-Во соработка со Клубот на писатели ,,Коста Солев Рацин", беше **промовирана книгата „Детски мечти" од велешката авторка Лила Арсова.** Промоторот на книгата проф. д-р Васил Тоциновски даде критички осврт кон содржината на книгата, топло ја препорача на детските читатели и и посака на авторката понатамошни успеси во идните нејзини творештва. Детските емоции силно се чувствуваа од настапот на учениците од четврто одделение од ООУ „Блаже Конески" - Велес, под менторство на Лидија Атанасовска и Орданка Крстевска, кои имаа драмска изведба на расказите од текстите „Црвената роза и Бубамарата бела" Ученици од петто одделени од ООУ „Васил Главинов"-Велес под менторство на Елена Клемова пак одиграа драматизиран текст од расказот „Танцот на пеперутките". Промоцијата беше проследена од многубројна публика од ученици и граѓани, кои со внимание ги проследија драмските настапи и музичко-сценскиот настап на Бубе Лазов и беа воодушевени од оваа несекојдневна промоција.



-По повод 2 **Април - Светскиот ден на литературата за деца**, Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес заедно со учениците од второ одделение од ООУ „Васил Главинов"-Велес организираа работилница. Учениците се запознаа со литературата за деца која ја има во библиотеката , каракеристиките на приказните и бајките, се разговараше за невозможното и моќта на фантазијата а се заклучи дека секогаш победува доброто.



-Во соработка со Библиотекарското здружение на Северна Македонија, се реализираше **работилница на тема „Аудиокнигите достапни до читателите“, проект** поддржан од Министерството за култура на РСМ. На работилницата учествуваа НУ - УБиблиотека „Гоце Делчев“ - Штип, Библиотека Благој Јанков Мучето Струмица, Библиотека Феткин од Кавадарци, Библиотека Искра од Кочани и Матична библиотека „Кочо Рацин",Пехчево. Предавачи за темата, важноста и начинот на набавка и стручниот внес и обработка на аудио книгите со примери како да се креира каталошко-библиографски опис на аудио книги беа Јелисавета Костадинова, библиотекар-советник и Јана Михајловска, виш библиотекар.Библиотекарите се здобија со стрчно знаење и имаа можност за размена на искуства и идеи.Велес беше домаќин на библиотекарска средба.



-Викимедија МКД во соработка со Здружението „Вила Зора“ од Велес и Локалната библиотека „Гоце Делчев“како и ученици од Еколошката секција од ООУ „ Васил Главинов„ под раководство на координаторот Лили Арсова се одржа **предавање и работилница на тема „Клима и климатски промени"**.На работилницата присутни беа вкупно 27 лица. Работилницата, која е дел од серијата настани и активности посветени на климатските промени, беше составена од теоретски дел на кој беа одржани предавања на темата, како и практичен дел посветен на активно придонесување на Википедија со преведување на статии за клима и климатски примени.Предавање одржаа Олгица Наумоска, вработена во здружението „Вила Зора" и претседателката на здружението Сашка Коцевска која се осврна на климатските промени и нивната улога во екосистемот и начините за заштита на животната средина од климатските промени. На крај се обрати Лили Арсова, член на извршниот одбор на Викимедија МКД која зборуваше за активностите на Викимедија МКД и спомна дека годишната ГЛАМ програма е темата „Клима и климатски промени" со цел подигање на свеста кај граѓаните. По предавањата учесниците заеднички почнаа да уредуваат и придонесуваат на Википедија на македонски јазик на тема „Клима и климатски промени". Вкупно се напишаа 36 статии од 14 уредници.

-**Промовирана збирката раскази „Човекот без сенка“ од Ѓоре Ѓелев** во соработка со Клубот на писатели „Коста Солев Рацин. „Што се однесува до раскажувачката географија на Ѓелев, чекорејќи низ страниците на неговата книга, минуваме низ улиците понекогаш прошарани со

дрвореди, половичната кафеана, каде ние се среќаваме со пријателите на една или две знаете што, книжарницата зад аголот, во која наслушнуваме како двајца ноншалантни купувачи разговараат токму за твојата книга, сме седнале и во автобус што јури по градските коловози, или, пак, само што не сме го паркирале автомобилот во една гаража, која „плаче“ за инвестиција..., рече промоторот д-р Игор Радев. „Портретите на ликовите кои што се прикажани, сите тие си имаат своја длабочина, своја личност и фактички преку нив се искажува сложеноста на сите човечки искуства, притоа подобрувајќи ја врската на читателот што ја има со наративот., изјави илистраторката Славица Купенкова. Со своја музичка точка Мила Јорданов од Музичко Стефан Гајдов Велес ја збогати програмата. Извадоци од расказите читаа учениците Бојана Најдова, Марија Бошевска, Ана Бошкова и Ања Трајковска, со музичка подлога која ја изведоа Михаил Петковски и Кристина Станишева.



-На 22 април се организираше **Општинскиот натпревар „Млади библиотекари 2024“** на кој учествуваа девет ученици од основните училишта од Општина Велес и Градско. Најдобар беше Андреј Петровски ученик во ООУ „Даме Груев“ Градско Даме Груев Градско , со менторот Лидија Картулкова. Талиа Павловска ученик во ООУ „Васил Главинов“ Велес ООУ „Васил Главинов“-Велес со менторот Каролина Попова го освои второто место, додека Ана Коцева ученик во ООУ „Даме Груев“ Градско, со менторот Лидија Каратулкова го освои третото место. Со освојувањето на првото место на овој натпревар, Андреј Петровски се здоби со право да учествува на Републичкиот натпревар „Млади библиотекари 2024“, кој ќе се одржи на 21 мај во библиотеката „Тане Георгиевски“ во Куманово. Наградените, добија Благодарница за учество, а за прво, второ и трето место учесниците добија Диплома и соодветна награда.




-Одбележан е **Светскиот ден на книгата и авторското право,** 23 април. Светскиот ден на книгата започнат е да се празнува од 1995 година, а е прогласен од страна на УНЕСКО. Целта е да се оддаде признание на книгите и писателите и луѓето повторно да го пронајдат задоволството во читањето или да продолжат да уживаат во пишаните дела. По повод Светскиот ден на книгата и

авторското право, Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес, направи интервју со роднокрајниот автор Анде Јанков.
https://www.youtube.com/watch?v=f0FRXsyOMk4

-Во медијатеката успешно се реализираше **книжевна работилница со членови-ученици.** Координатор на работилницата беше Наташа Брезовска - Богоевска, а со своето присуство нè почести нашата членка Елена Гуновска. Темата на работилницата беше дискусија за книгата „Живот за живот“ од Фредрик Бакман. Им благодариме на учесниците за темелната дискусија и презентација на своите ставови.



**-МАЈ**

-Со полагање на свежо цвеќе на спомен обележјето, во Локалната библиотека беше одбележан 4 мај – денот на загинувањето на најголемиот македонски револуционер и патронот на библиотеката, Гоце Делчев. Во негова чест библиотеката сними видео за ликот и делото.
https://www.youtube.com/watch?v=Gg8SEXu9fCw

-**Промоција на стихозбирката „Меѓу копнежот и сонот“ од Соња Карбева**. Роднокрајната поетеса Соња Карбева ја промовираше нејзината прва книга издадена од издавачката куќа ЗБОР. Промоторите Виолета Танчева-Златева и Десанка Николова топло ја препорачаа оваа стихозбирка на секој љубител на поезија да се најде во неговите раце. Велешанката Карбева е професорка по македонски јазик во Гимназијата „Кочо Рацин“, а како поет е член на Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“. Настанот со музички точки го збогатија Ива Ракиџиева-вокал, гитара-Михаил Петковски и на виолина Ангел Богоевски. Стихови од книгата читаа Ана Бошкова, Јана Пљокова, Александра Чатмова и Јана Крајчев сегашни ученици, како и Даница Лепојевиќ и Бојан Ѓорѓиов некогашни ученици на Гимназијата. Водител на промоцијата беше Јасмина Ѓорѓиева.

- Реализација на **проектот „Приказна за добар сон“** во соработка со детската градинка „Димче Мирчев“. Претставници од Библиотеката ја посетија највозрасната група на деца во сите објекти во различни денови. Се разговараше за значењето на сказните и бајките, за ликовите и карактеристиките на овој вид на литература.Во времето пред да спијат на децата им се прочита приказна за добар сон. Читањето на приказни пред спиење е добра практика за развојот на детската фантазија и имагинација. Целта на овој проект мотивирање на децата за читање и зголемување на љубовта кон книгата уште од најмала возраст. Досегашното искуство во соработката детската градинка „Димче Мирчев“ е позитивно поради тоа и оваа година по трет пат ќе

се реализира овој проект.Оваа година овиј проект се реализираше по трет пат.Учесници од страна на библиотеката се Снежана Бошевска, Наташа Брезовска Богоевска и Павлина Најдова.

-Вработените Гордана Васковска, Павлина Најдова, Снежана Бошевска и Наташа Б.Богоевска присуствуваа на **Четврта меѓународна конференција „Примената на вештачката интелегенција во библиотекарството: предизвици и можности"**, во организација на Библиотекарското здружение на Македонија, со учество и стручни излагања на библиотекари од Македонија, Србија, Хрватска, Турција, Унгарија, Ирска, Германија, Холандија, Бугарија, Косово и Азербејџан. Конференцијата се одржа во Дојран.



-На **23 Републички натпревар „Млади библиотекари"**, нашата библиотека претставувана од ученикот Андреј Петровски од ООУ „Даме Груев" со ментор Лидија Каратулкова од Градско, го освои второто место. Натпреварот се одржа во библиотеката „Тане Ѓеоѓиевски" - Куманово , во кој учествуваа 25 натпреварувачи од библиотеките од Македонија. Овој натпревар традиционално се одржува секоја година во организација на БЗМ.



-**Натпревар по убаво пишување–краснописпос** повод одбележување на 24 мај, денот на Сесловенските просветители Свети Кирил и Методиј. На натпреварот учествуваа 14 ученици од основните училишта во градот и секој на свој начин, со својата креативност и имагинација, на лист хартија ги „навезе“ стиховите од најпознатата антологиска песна Ленка на Рацин. Учениците работеа под менторство на графичкиот дизајнер и типограф Ласко Џуровски кој им одржа кратко предавање за значењето на краснописот и користењето на правилните форми на буквите од македонската кирилица. Настанот беше организиран во соработка со Општина Велес

-Претставници на нашата библиотека беа присутни на Регионална средба при реализацијата на **проектот „Хортикултурни библиотеки"** во НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"- Битола. Се споделуваа искуства од креирање на иновативни и креативни библиотечни програми поврзани со подигање на свеста за користење и практична апликација на

знаења и литература од областа на ботаниката, уредување на животната средина и менување на заедницата спрема пораките на УНЕСКО, Агенда 2030 и целите за одржлив развој. Од неколку библиотеки ни беа презентирани примери и добри практики на темата Хортикултурни библиотеки.

- Промоција на **стихозбирката „Три генерации"-** заеднички проект помеѓу издавачка куќа „Збор" и Милица Паулус. Промотор беше нашата роднокрајна авторка Десанка Николова. Оваа стихозбирка е алманах составен од поезија и проза напишани од 43 автори од цела Македонија.Тоа се автори на различни возрасти. Како за добредојде на настанот свои стихови прочитаа Марија Бошевска и Соња Карбева.Библиотеката беше домаќин на автори од цела Македонија.

- Во соработка со Клубот на писатели „Коста Солев Рацин ", авторот Ѓорѓи Мешков од Кавадарци ги промовираше своите три дела пред велешката публика, книгата раскази **„Беше еднаш во Ваташа",романот „Отуѓување" и „Два аманета".** Со своја музичка точка настапија Пеачката група при Здружението на пензионери, Велес. Со своите афоризми публика ја насмеа Атанас Крлевски. Извадоци од книгите читаа учениците од ООУ „Васил Главинов", Мартина Крстевска ,Мартина Ристовска и Изабела Димкова под менторство на Каролина Попова. Свој настап имаше и Дел од Класата на традициски инструменти при ООМУ „Стефан Гајдов" Велес и ја изведоа композицијата Одено оро, под менторство на Проф. м-р Трајче Малинов. Настапија Андреј Бошев, Андреј Ацевски Петар Петрушев.

## <u>ЈУНИ</u>

-1 Јуни-**Меѓународен ден на детето** .Овој ден се одбележува со цел да се насочи вниманието на јавноста на сите обврски кои општеството ги има кон децата, како и на најважните проблеми со кои децата се соочуваат. Читањето на книги од најмала возраст е најважен сегмент во развојот на детето. Библиотеката како институција секогаш е насочена кон оваа целна група да вроди љубов кон книгата. Библиотеката оранизираше работилница со деца.Тие се запознаа со начинот на работа на библиотеката, видот на литература со којашто располага и правилата за внесување и подредување на книгите. Учествуваа во квиз наменет за литературата за деца. Имаа и средба со роднокрајниот автор Наташа Брезовска-Богоевска која им прочита приказна од нејзината книга „Шумски приказни". Имавме прекрасно поминато време во читање и другарување со книгите. Некои од учениците посакаа да бидат идни библиотекари.💗💗💗



**-Меѓународна манифестација „Средба под јаворите - Видое Подгорец"- 2024.** Нашите вработени Павлина Најдова, Снежана Бошевска и Наташа Брезовска- Богоевска учествуваа со свое излагање на стручни трудови на советување на библиотекари : Библиотеката темел на писменоста со работна тема: ,,Споделување на добри практики во библиотечната дејност"

Советување се оддржува во Струмица. Трудовите ќе бидат ставени во електронски каталог од манифестацијата.



-7 ЈУНИ- **ДЕН НА ПРАВОПИСОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК** .Да си го негуваме нашиот литературен јазик, затоа што во дијалектите е богатството на јазикот, ама во познавањето на Правописот лежи писменоста, образованоста! Библиотеката реализираше изложба од дела поврзани со значењето на овој ден.

-Библиотеката даде поддршка во одржување на **промоции на книгите**:

-две сликовници „Подај рака така другарче се сака" од група автори.

-книгите „Фросина", „Мугри бели-црни денови", „Нацртај ги своите мечти" и „Љубов и омраза" од Вера Самарџанин

-.„Песнопојност"- збирка песни од конкурсот на литературното друштво „ Браќа Миладиновци " Торонто од група автори во издание на Клуб на писатели Коста Солев Рацин" Велес.

Во организација на Клубот на писатели „Коста Солев Рацин", авторката Вера Самарџанин и Претседателот на литературното друштво „Браќа Миладиновци" од Торонто г-дин Зоран Карапанчев.



-Претставување на автор пред соодветна публика се реализираше **книжевна работилница** со членови-ученици. Координатор на работилницата беше Наташа Брезовска - Богоевска, а со своето присуство нè почести роднокрајниот автор Анде Јанков, чијашто книга „Едно лето на Крит" беше тема за дискусија на оваа работилница. Оваа работилница беше наменета за средношколци коишто доброволно се пријавија да учествуваат како начи членови-читатели.

-Вклучување во програмата за **61.Рацинови средби** со посета на планираните активности Библиотеката беше домаќин на трибина на Анде Д. Јанков „Приказните и раскажувањето" во рамките на 61. Рацинови средби.



-Остварена е меѓународна соработка со **Полската амбасада** и е примена донација на книги од Полската амбасада во Скопје.Сопругата на амбасадорот на Република Полска во Скопје, г-ѓа Јоланта Гжелчик, која е координатор на проектот „Полска на полица“ на библиотеката и донираше 50 наслови од полски автори. Со директорката Снежана Бошевска разговараа за активностите на библиотеката за доближување на содржините од оваа донација до читателската публика во Велес, можностите за промоција на класиците од современата полска литература како и за продлабочување на понатамошната соработка на Амбасадата на Република Полска во Скопје со нашата библиотека. Нашите членови Марија Бошевска и Никола Спасев прочитаа стихови од Коста С.Рацин на македонски и на полски јазик.




**<u>ЈУЛИ</u>**

-Реализација на проект за предлог книга за ова лето **„Прочитав јас, прочитај и ти“.** Во текот на летото се снимаа видеа со членови на библиотеката коишто доброволно се пријавија.Овој проект се реализира трета година по ред. Видеата периодично споделуваа со предлог книга за летниот распуст. https://www.youtube.com/watch?v=SyLon_Ef_rk...



-Во соработка со Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ во библиотеката „Гоце Делчев“ беше **промовирана десеттата книга на авторката Соња Таировска Ѓурчак „Песни и афоризми“.** Промоторот Соња Карбева даде осврт кон поетското творешво на авторката потекцирајќи дека сите песни се исткаени со љубов и носталгија кон татковината. Стихови од книгата читаше Марина Стојанова којашто со многу емоции успеа да пробуди нежни чувства кај

публиката. Афористичарот Атанас Крлевски прочита дел од афоризмите на Ѓурчак и имаше свое излагање за големината и значењето на овие мудри мисли.

-Реализација на **проектот „Лето во библиотека“** поддржан од Министерство за култура. Целта на овој проект е да се влијае кај децата и целокупната јавност за поттикување на љубов кон книгата и кон читањето на книги .

Прв ден: „Патот на книгата - од идеја до полица“-Децата имаа средба со роднокрајните автори Сања Стојанова и Наташа Брезовска Богоевска. Се запознаа за патот на книгата од идејата на авторот што ја има, како ја пишува книгата, поимот издавачка куќа па се до местото на книгата во библиотечните полици. Од страна на вработен Библиотекар Павлина Најдова имаа запознавање со работата на библиотеката, начинот на кој се редат книгите , како се организирани и начинот на кој се внесуваат во електронскиот каталог на библиотеката. Децата беа во улога на автори осмислија за тема за што ќе пишуваат во својата книга. На овој ден го креираа насловот, корицата, издавачката куќа и битните податоци за книгата.

Втор ден: „Правописот во македонскиот јазик, основен елемент за добра книга“. -Децата пред да ја почнат да ја пишуваат својата книга од страна Снежана Петрова Џамбазова им беше објаснета улогата на лекторот пред да се печати една книга.

Трет ден: „Оживувањето на книгата преку илустрациите“. Овој ден децата имаа средба со илустраторот Евгенија Андреева која што им објасни колку е важна илустрацијата во една книга, а потоа сами ги внесуваа илустрациите во својата книга.

Четврт ден – „Мојата книга“-Децата учесници во работилницата ги презентираа своите книги. а настанот беа присутни членови од семејството на децата како и претставници од Општина Велес.



-Наслови од руски автори преведени на македонски јазик, како и на руски јазик беа донирани на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес од страна на **Амбасадата на Руската федерација на РСМ.** Претставници од Амбасадата на Руската федерација на РСМ, остварија средба со директорката на библиотеката, Снежана Бошевска, на која им беше презентиран начинот и условите за работа во библиотеката. На средбата, се разговараше за воспоставување на културна соработка меѓу секторот за култура при Руската амбасада и библиотеката. Се разговараме за можноста во реализација на заеднички настани со поддршкаа од Амбасадата.



-Реализирација на **активноста „Да им помогнеме на постарите лица, наши членови,“** да ги обучиме сами да пребаруваат на интернет во согласност со нивните потреби и возраста. На тој начин ги вклучуваме лицата од третата доба.

АВГУСТ

-Чествување на **Илинден-Денот на републиката**, 2 август. Историски документи кои се доказ и симбол на двата Илиндена. Библиотеките се чувари на историјата на народот. Јавно ги презентиравме оригиналните документи Манифест на АСНОМ И Крушевски манифест. Библиотеката се вклучи во положување на цвеќе пред споменициите на Илинденците и на Спомен Костурницата.

-По повод **9 август-Ден на љубителите на книги**, ги објавивме добитниците на по еден роман со освоени најмногу лајкови на нивните коментари. Претходно беше објавен онлајн натпревар со давање на предлог книга од одделот за возрасни.

1.Тања Николова ја предложува „Две средби на полна месечина“ од Кристина Лорен

2.Ангела Трајковиќ ја препорачува „Моќта на сегашниот миг“ од Екарт Тол

3.Валентина Лазарова ја препорачува „Загубените писма“ од Лорна Кук

-Реализирана е **Креативна работилница** исполнета со многу забава, истражување со користење на енциклопедиите како литература, насочено и паметно користење на мобилните телефони и најважно од се другарување. Низ творењето и забавата ги водеше Весела Богдановиќ од Битола, одделенски наставник и автор на книги за деца која во континуитет креира вакви инспиративни приказни. Работилницата е во рамките на Велешко лето организирано од Општина Велес.



-Споделено видео со инструкции за користење на COBISS мк.

https://www.youtube.com/watch?v=HVcgsxWhEiQ

- реализирана е **дводневна работилница ,,Испревртена приказна"- дел од Велешко лето** во организација на општина Велес. Членовите од МДПС ,,Премиера" водени под менторство

на професорката Анита Станинова Мирчева ги едуцираа своите помлади другари преку интересни и забавни игри. Насмевките на децата говореа дека имаа прекрасно поминато време исполнето со смеа, глума и многу забава.Се покажаа како искусни лидери насочувајќи ги помалите деца низ креативни игри до стекнување самодоверба,учење на нови вештини и способности,едукација,забава и запознавање на нови другари.

**СЕПТЕМВРИ**

-Одбележани **83 години од смртта на Коле Неделковски** со положување на свежо цвеќе пред неговите спомен бисти во училиштето во село Војница и во средното училиште „Коле Неделковски" во Велес. Во неговото родно село Војница традиционално беше доделена и наградата за животно дело „Коле Неделковски" 2024 на Вера Благојевиќ Самарџанин во организација на Клубот на писатели „Коста Солев Рацин"-Велес. Присутните ја посетија и спомен собата на Неделковски. Ова е традиционален **проект „Пеш по светот"** којшто го реализираат заедно Библиотеката Клубот на писатели и Народниот музејн од Велес.



-Промовирана првата книга на роднокрајната **авторка Ивана Милошевска со наслов „Убиецот кој не ме уби".** Оваа промоција беше од хуманитарен карактер. Сите собрани средства од книгата ќе одат за лекување на Ивана во Турција. Библиотеката е поддржувач на сите хуманитарни активности во градот во рамките на својата надлежост.



-Споделено е изработеното **видео со упатството за влез** во Вашиот број во аппликацијата COBISS MK за: пребарување граѓа, резервација, продолжување на рокот и историја на зајмена граѓа.

https://www.facebook.com/427857400611493/videos/323481943212781

-**Автобиографијата на Маја Трајковиќ „Пресек"**, промовирана во Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес. Добитничка е на наградите „Библиотекар на годината – Павлина Цунева-Маказлиева за 2021 година" од здружението „Средби под јаворите" – Видое Подгорец и Признание за најдобар просветен работник во учебната 2021/22 година од Сојузот на просветните

работници и Министерството за образование и наука. Романот е напишан во автобиографски стил и е поделен на осум дела, седум од нив се патувања, на како гуливеровски, низ различни земји. Се што е напишано во романот е длабоко проживеано, почуствувано и токму затоа романот ја има силината"  кажа во својата рецензија за романот, промоторот на книгата професорката Соња Трајкова. Цитати од книгата читаа учениците Јана Пљокова и Александра Чатмова од Гимназијата „Кочо Рацин" Велес.

-се реализираше **книжевна работилница** со членови-ученици од сите средни училишта од Велес. Темата на работилницата беше дискусија за книгата „Невидлива убавина" од Ејми Хармон.Координатор на работилницата е Наташа Брезовска Богоевска.Целта е учениците и читателите да се мотивираат да читаат литература коишто не се задолжителни лектири.

-Одбележан е 26 септември – **Европскиот ден на јазиците** со настан на кој ученици од сите основни и средни училишта од градот, со свои настапи ги промовираа јазиците кои се изучуваат во училиштата. Учениците на крај изработија постер на кој зборот "мир", го запишаа на неколку европски јазици.



-Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес ги подели ваучерите за **бесплатна годишна членарина на учениците во прво одделение о**д сите основни училишта. Ваучерот може да се искористи во текот на учебната 2024/25 година.Со оваа активност им посакавме успешна учебна година на сите првачиња. Целта е да поттикнеме љубов кон книгите и читањето уште од најраната возраст. Сакаме да ги мотивираме и нивните семејства да негуваат читачки навики во домот и да другаруваат со книгите, сликовниците и пишаниот збор.



**ОКТОМВРИ**

-Со поддршка на ПРОСВЕТНО ДЕЛО и по позитивното искуство од оддржаната манифестација „Средби под јаворите-Видое Подгорец" во градинката „ Димче Мирчев" а потоа и во просториите на ООУ „Блаже Конески" реализирано е **Советување на тема БИБЛИОТЕКАТА - ТЕМЕЛ НА ПИСМЕНОСТА.** Советувањето и споделените искуства претставуваат стручно усовршување и унапредување на воспитно-образовната работа во градинката и училиштата како и

унапредување на соработката со јавните библиотеки и библиотечната дејност воопшто. Советувањето беше во рамките на одбележување на 80 години од првото издание на литература за деца на македонски јазик. Целта е развивањето на љубовта кон книгата и читањето од најрана возраст. Свое излагање дадоа: проф д-р Милена Ристова Михајловска, Ксенија Маказлиева Трајчева - писател за деца и уредник на списанија и изданија за деца, Снежана Бошевска, директор на локалната библиотека ,,Гоце Делчев" Велес и Наташа Брезовска Богоевска, библиотекар и автор на литература за деца. Присутни беа сите воспитувачи, одделенски наставници, библиотекари, професори по книжевност и јазици.



-**Промоција на 25-тото издание на списанието „Велес".** Станува збор за книжевно списание чии единствени теми се Велес и велешани. Во овој број има повеќе книжевни студии, летопис за книжевни објави, велешки духовен архив. Издавач на ова списание е Клуб на писатели ,,Коста Солев Рацин". Промотор беше проф.д-р Васил Тоциновски. Водител на настанот беше Јасмина Ѓорѓиева. Свој музички перформанс имаа учениците Јасмин Настовски и Даниела Теова од ОМУ „Стефан Гајдов" Велес, Магдалена Бобевска и Анастасија Ѓошевска, читаа извадоци од списанието.

-Претставници на Библиотеката Снежана Бошевска, Павлина Најдова и Наташа Брезовска Богоевска присуствуваа **на 52.Годишно собрание на БЗМ** во НУБ,,Климент Охридски" Скопје.На ова собрание нашата вработена Павлина Најдова е предложена и избрана за делегат на БЗМ при избр на претседател.

-Промоција на книга од **норвешката авторка Хилде Миклебуст на романот „Распарчени"**, во издание на Бата прес на средбата со младите читатели од основните училишта во Библиотеката во Велес. Промоцијата се одвиваше преку интерактивна дискусија меѓу авторката и младите читатели. Ова е за прв пат по подолго време в библиотеката гостин да биде странски автор.



-**Меѓународен фестивал на сатирата -„Џинот" 2024.** По иницијатива на афористичарот Атанас Крлевски, а во организација на Клубот на писатели „Коста Солев Рацин" со

поддршка од Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес и Општина Велес, за прв пат се одржа „Меѓународен фестивал на сатира –Џинот“. Фестивалот траеше два дена. Според програмата:

-се положи на цвеќе на гробот на Џинот

-Отварањето фестивалот беше во куќата на ЈХК Џинот каде што за неговиот живот и дело излагање имаше проф. д-р Васил Тоциновски.

-имаше читање на афоризми, епиграми и сатирични текстови од присутните сатиричари од земјата и странство.

-за музичките точки беа задолжени учениците од ООМУ„Стефан Гајдов“ под менторство на проф. Трајче Малинов

-Се одржааа две промоции на книги

1.Промоција на книгата афоризми „Групен афористички портрет“ од група автори од Балканот на којашто промотор беше Ристо Филчевски

2.Промоција на книгата „404 Секојдневизми“ од авторите Елеонора Николовска, Атанас Крлевски, Марјан Анѓеловски и Марија Ранѓеловиќ, промотор проф.Елизабета Бандиловска

-Промоција на книгата **„Сè уште можам нешто да сторам“** од една од најплодните млади авторки денес, Фросина Пармаковска. Промотор беше проф. д-р Снежана Петрова Џамбазова вработена во Институт за македонски јазик „Крсте Петков Мисирков“ Скопје и автор на повеќе стручни дела, поетски збирки , стручни трудови , како и литереатура за деца. Годинешното, шеесет и прво издание на Рациновите средби, се одржа под слоганот „Рацин – македонска меморија“. И во конкуренција на 25 пријавени дела токму на ова ова дело го доби „Рациновото признание“. Настанот започна со пиано композиција „Сонатина" во изведба на Меланија Тошевска од ОМУ„Стефан Гајдов“, додека пак извадоци од романот читаше Јана Пљокова.

-Претставници од библиотеката учествуваа во **3 модули од Проектот „Од несвесни за различностите до трансформативни локални заедници кои ја препознаваат различноста и инклузивната еднаквост“** во организација на НСРР-Национален Совет за Родова Рамноправност на Македонија.

1 модул-род,интерсекционалност и обврска на јавниот сектор за промоција на еднаквост – присуствуваа Снежана Бошевска и Гордана Васковска

3 модул-застапување и лобирање –податоците како аргументи-присуствуваа Снежана Бошевска , Гордана Васковска и Павлина Најдова

4 модул-подготовка и управување со проекти финансирани од ЕУ присуствуваа Снежана Бошевска , Стефани Андреева и Павлина Најдова

## НОЕМВРИ

-Претставници на Локалната библитека ,,Гоце Делчев" Велес учествуваат во тридневната работилница која се одржува од 5 до 7 ноември 2024 година во Центарот за конференции и студии при НУ-НУБ „Св. Климент Охридски“-Скопје, а е насочена кон ИФЛА/ЕНСУЛИБ зелено библиотечно вмрежување и улогата на библиотеките во постигнување на целите за одржливост од Агендата 2030 на Обединетите нации. Работен јазик на работилницата е англиски јазик. НУ-Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје заедно со Невладината организација за македонско-германско пријателство и соработка - Скопје, ја организираат тридневната

**работилницата Go Green „Одиме кон зелено:** Библиотеки како двигатели за одржлив развој: згради, менаџмент, проекти и услуги“ со поддршка од Германска амбасада. На оваа конференија учествуваат 50 библиотекари од цела држава. Предавач е Петра Хауке доктор по библиотекарство од Берлин, Германија




- По повод месецот на книгата Библиотеката и Издавачка куќа Бата ги наградуваа нашите читатели преку **онлајн натпревар**. Во коментар на постот споделуваа убава мисла, порака за книгите или читањето. Вкупно 8 коментари со освоени најмногу лајкови 👍👍👍 заклучно со 11 ноември, добија примерок од книгата „Распарчени“ од норвешката авторка Хилде Миклебуст. Овој роман пред извесно време имаше успешна и несекојдневна промоција во Велес.Со оваа активност го афирмиравме позитивното влијание на книгите и читањето врз нашиот живот, зошто треба да читаме и колку е прекрасен светот на книгите.

-**Во месецот на посветен на книгата** Организациона единица Градско ја посетија ученици од прво одделение од ООУ,,Даме Груев" Градско со наставничките Маја Ефтимова и Соња Коруновска. Се запознаа со работатата, организацијата и функционирање на библиотеката, со услугите што ги нуди за нив и како се станува член во библиотека. Се запознаа и со дел од литературата наменета за нивната возраст, прочитавме од убавите книги и кажаа убави мисли за книгите. Добивме ветување дека ќе бидат членови во нашата библиотека и ќе ја сакаат книгата☺

-Вклучување на Библиотеката во активностите по повод **9 Ноември-80 години** од **ослободувањето на Велес.**

1.По иницијатива на Државен архив, одделение Велес, а во соработка со Библиотеката и Народен музеј се собираа податоци, архивски документи, слики за изработка на **документарен филм** "Кон минатото и сегашноста: 80 години слободен Велес - Титов Велес - Велес" . По повод чествувањето на осум деценискиот јубилеј од ослободувањето на Велес од прангите на фашизмот во Европската куќа во Велес премиерно беше промовиран документарниот филм во кој се опфатени сите предвоени и повоени фази на развој на градот. Преку повеќе од 500 фотографии и архивски документи се потсетивме на богатата историја која истовремено не растажува за темните денови под окупација, но и не радува за победата и слободата која денес ја живееме. Техничката подготовка од ученикот Јосиф Бочваров од ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски". Библиотеката податоци истражи и обезбеди од весникот „Вардарски глас“.




2.Со **положување на свежо цвеќе** пред бистите на паднатите борци од НОБ се даде почит кон нивната жртва за слободата.

-Успешно е реализиран **традиционалениот „Детски саем на книгата”** со хуманитарен карактер, „Детски книги за широки насмевки“ во организација на ОЈУДГ ,,Димче Мирчев” и поддршка од Локална библиотека ,,Гоце Делчев”. Целта е да се запознаат децата со Библиотеката и предучилишната литература како и поттикнување љубов кон книгата и читањето. Во библиотеката беа изложени креативните книги чии автори се децата кои со помош на своите родители создадоа волшебни творби за време на Месецот на книгата. Саемот се одржа и помеѓу организационата единица на Библиотеката во Градско со клонот ,,Кокичиња" на ОЈУДГ ,,Димче Мирчев” од Градско.Саемот се одржувва во библиотека со цел запознавање на родителите и малите идни членови на Библиотеката како институција и потенцирање дека библиотеката е домот на книгата.



-Раководните лица од културните институции-Библиотека и Лу Народен музеј од Велес беа дел од работилницата **"Преку културното наследство до развој на туризмот",** како дел од проектот Поддршка на ЕУ за ЕУСАИР, финансиран од Владата на Република Македонија а е кофинансиран од Европската Унија. На работилницата се споделуваа искуства и можности за аплицирање и реализација на проекти преку Европските фондови.

-Вклучување во програмата за реализација на **57.Детски Рацинови средби**: Активности во подготовка на самата организација. Библиотеката даде поддршка со материјални, просторни и човечки ресурси за организација и реализација на оваа манифестација.

1.**Положување на цвеќе** пред споменицитe на Рацин пред гимназијата која го носи неговото име, во центарот на градот и во спомен Костирницата каде се коските на Рацин.

2.Во Библиотеката се одржа **трибина „Го заслужуваме ли Црвениот поет**? со Проф. д-р Бошко Караџов, доц. д-р Бојан Петревски и проф. Марија Јанушева .Учесници во оваа дебата беа ученици членови на дебатните клубови од средните училишта.

3. Во Библиотеката се одржа **Поетска работилница „И јас сум Рацин"**.Учесници беа ученици од основните училишта со менторите Елена Гуновска, Костадинка Атанасова, Гордана Мирчевска, Стојна Тодоровска и Гордана Белчовска како и Ивана Брезовец од Загреб, Република Хрватска со свои ученици. На работилницата земаа учество авторите Десанка Николова, Наташа Б.Богоевска, Атанас Крлевски, Сања Стојанова, Марина Стојанова, Гордана Б.Николовска и Горјан Петрески коишто беа насочувачи на децата да творат на дадената тема.Од работилницата произлегоа прекрасни стихови инспирирани од ликот и делото на Рацин. Велес може да се гордее со рациновите следбеници.

4. Во Библиотеката се одржа **средба на ученици со автори за деца** во рамките на 57. Детски Рацинови средби. Кон авторите беа поставени безброј прашања за нивното творештвото, за инспирацијата и мотивот при создавањето на едно дело.Детската љубопитност нема крај затоа со децата е најубаво ♥.Авторите Атанас Крлевски, Лили Арсова, Сања Стојанова,Горјан Петрески, Соња Гаврилова, Наташа Б.Богоевска и Десанка Николова ги запознаа децата со дел од нивното творештво и ги мотивираа сите што имаат желба да творат,своите чувства да ги стават на лист хартија ,бидејќи помеѓу нив можеби се крие еден голем поет или писател.

5.Вклучување во организација и реализација на **свеченоста за доделување на наградите** по основ на распишаните конкурси

-Претставници од Библиотеката беа присутни ,по добиена покана, на Свеченост по повод 80 **години од именувањето на првиот директор и започнувањето со работа во слободна Македонија на Националната и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Скопје**. Велешанецот Георги Шоптрајанов бил именуван за прв директор на новооснованата Народна библиотека во Скопје.

-Општина Велес и Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес организираа културен настан по повод **85 години од излегувањето од печат на збирката „Бели Мугри" од Кочо Рацин**. Со прикажување на видеозаписотот „Бесмртниот" кој го изработи Локалната библиотека за животот и делото на Рацин, и со музичко-поетски перформанс на учениците од „Гимназијата Кочо Рацин" денеска во Локалната библиотека „Гоце Делчев" беше одбележана 85 годишнината од објавувањето на стихозбирката „Бели мугри" на Коста Солев Рацин. За значењето на Рациновите „Бели мугри" говореше проф. д-р. Марија Ѓорѓиева Димова. „Стихозбирката „Бели мугри" поседува исклучителна историска вредност на дело втемелник. Таа тенка книшка е израз на духовноста на еден необичен човек и манифест на цела една генерација. На неа се крепи нашата современа литература" истакна Ѓорѓиева Димова.

-**Обука за напредно уредување на Википедија,** наменета за членовите на Вики клубот Сениор. Локалната библиотека „Гоце Делчев" секогаш дава поддршка на сите активности кои се насочени кон афирмирање на творештвото, културните и образовни достигнувања и заслуги на поединци и институции. Конференцијата ја отвори Снежана Штрковска, извршен директор на Викимедија МКД, која ги запозна присутните со основите на функционирањето на Википедија. Лили Арсова е координаторка на Вики клуб Велес кој е еден од поактивните Вики клубови на Викимедија МКД. Преку Вики клубовите, кои веќе подолго време успешно функционираат, уредувачите се

обучуваат да создаваат и подобруваат статии на Википедија на македонски јазик, придонесувајќи кон збогатувањето на дигиталната библиотека на слободни информации.

-**Промоција на автобиографското дело на роднокрајниот автор Емилио Јанковски, „Исповед**". Ова е негово петто дело. Книгата е напишана во вид на писма пишувани во период од една годината и се испраќани до духовниот брат. Авторот вели дека Книгата може да прирачник, водич - за пронаоѓање на изгубениот идентите, советување за депресија, советување за исцелување од нервоза. Извадоци од книгата читаше Лилјана Цекова, а Татјана Митевска даде свој осврт кон нејзината содржина и значење. За поопуштена атмосфера допринесе Игор Младенов со музички точки.

**ДЕКЕМВРИ**

-Директорката на Гете-институтот, Скопје, Катрин Освалд -Рихтер и преставничка од Амбасадата на СР Германија во Скопје, Хајке Јовевски, на библиотеката **и донираа околу** 90 **наслови на литература на германски јазик.** Со директорката Снежана Бошевска разговараа за активностите на библиотеката за доближување на содржините од оваа донација до читателската публика во Велес, како и понатамошната соработка на Амбасадата на СР Германија во Скопје со нашата библиотека. Пред присутните, краток извадок од лектирата „Хајди" на германски јазик, изведоа ученици од ООУ „Васил Главинов" Велес, под менторство на професорката Татјана Саздова - Стефановски. Со музичка точка од германскиот композитор Ф.Кихлер настапи Ива Бабуновска од ОМУ „Стефан Гајдов", Велес.

-Претставник од вработените присуствуваше на **Ден на COBISS**- се одржи на 3 декември 2024 година во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" - Скопје со почеток од 10 часот.Тема на настанот беше новата верзија на COBISS, апликациите COBISS Cat и COBISS Lib, нивното користење и досегашните искуства. За темата со свои излагања ќе настапат гости од ИЗУМ и соработници од НУБ. Настанот е воедно и одбележување на 20-годишнината од имплементацијата на системот COBISS во Македонија и основањето на националниот COBISS-центар.

**-53. Собрание на Библиотекарското здружение на РС Македонија** се одржа на 10 декември од 11.00 часот (за Избраните делегати) и од 12.00 часот (за сите членки), во Центарот за конференции и студии при НУ НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје. Претставници од Библиотеката коишто присуствуваа се Снежана Бошевска и Павлина Најдова како избран делегат.За нов претседател на БЗМ е избрана д-р Јана Михајловска-Иванов, виш библиотекар вработена во НУБ „Св. Климент Охридски" – Скопје.



-На ден 16 декември по повод 112 години од раѓањето на поетот и револуционерот Коле Неделковски, Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес, Младински Центар Велес и Клуб на писатели „Коста Солев Рацин" - Велес, организираа **поетско читање** со песни од двете стихозбирки „М'скавици" и „Пеш по светот"



-**Работна средба на библиотекари**- Библиотеката Феткин беше домаќин на чинители *и* донесувачи на одлуки од јавните и националнитебиблиотеки од цела Македонија. На тркалезна маса заеднички беа поставени приоритетните области на заедничко делување, во насока на унапредување на библиотекарството и библиотеките во 2025 година. За силни библиотеки кои се столбови на современото општество.Претставници од велешката библиотека беа дел од оваа средба.

-Доделување на наградите од конкурсот за поетски творби кој заедно со Клуб на писатели „Коста Солев Рацин" - Велес го распишавме по повод Нова година на темата: **„Новогодишна магија во секој дом".** Наградените добија и новогодишно пакетче од Здружението на пензионери од Велес. Пред присутните своја точка одиграа учениците од петто одделение од ООУ „Васил Главинов"-Велес, под менторство на наставничките Лилјана Миланова, Виолета Гемишова, Биљана Димовска- Стојкова, Анита Ѓошева, Марјана Самарџиева и Мирјана Танчева.



## V.Соработки со други институции

-Соработка со **БЗМ**- претставници од Библиотеката присуствуваа на состаноците, конференциите организирани од нивна страна.Библиотеката редовно ја подмирува годишната членарина и обезбедува присуство на претставници од нашата библиотека на сите настани и состаноци организирани од БЗМ.

-се продолжи соработката со сите **издавачки куќи;**

-се продолжи соработката со **Одделението за култура на Општина Велес**, поради организирање на заеднички проекти и манифестации;

-се продлабочи соработката меѓу Библиотеката и **училиштата** во рамките на Локалната самоуправа.

-се продолжи соработката **со медиумите** коишто редовно се иинформираа и известуваа за сите настани кои се реализираа.

**-соработка со Здружение на слепи лица на Општина Велес**, преку збогатување на Брајовото катче во Библиотеката. До крајот на 2024г во ова катче има 65 наслови на книги напишани со брајово писмо и 14 наслови на снимени аудио книги во повеќе примероци Преку нашата веб-страница овозможуваме и директен пристап преку линк до аудиокнигите.

-**Клубот на писатели „Коста Солев Рацин**" континуирано соработува со Библиотеката преку одржување промоции на книги, збогатуваање на Родокрајното катче, средба со писатели и поети, организација на литературни манифестации и сл.

-соработка со **Државниот архив - одделение Велес**-оджување и промовирање на Историско катче во Медијатеката на библиотеката по потпишан меморандум за соработка во 2023г. Во ова катче се сместени донирани изданија од Државниот архив. Со заемна соработка се обезбедија податоци за изработка на документарниот филм за Велес по повод 9 ноември. Се обезбеди податок за официјалниот прв документ којшто потврдува формирање на библиотека во просториите на тогашната Гимназија е од 1920година, издаден од Инспекторатот на Министерството за проссветта доставено до тогашниот Суд на Општина Велес. Во 1920година во Брегалничката област во градот Велес се отвара една културна установа-Народна Библиотека.





- се продолжи соработката со сите **библиотеки во државата**.
- се продолжи соработката со **други институции**, невладини организации и културни институции.

-соработка со **ЛУ Народен музеј-Велес** со организирање на заеднички настани и манифестации

-соработка со **ОМУ „Стефан Гајдов**" со редовно учество во сите културни настани и промоции на книги.Ова училиште е верен поддржувач на сите културни настани.

-**Здружение на пензионери-Велес** со Библиотеката соработува со нивно вклучување во сите настани и активности. Заедничка организација на промоции на книги со цел лицата од третата доба да бидат активни чинители на културата во Велес.

## <u>VI. Заклучни согледувања</u>

Библиотеката како никогаш досега минува низ крупни и непрекинати промени во своето работење како последица од брзиот напредок на информатичката технологија, информацискиата наука и општеството. Тие иновативни промени треба да се искористат и да се приспособат, со што би се

зголемил интересот на популацијата за Библиотеката и за користење на нејзините фондови и услуги.Иднината носи нови предизвици пред библиотекарите, да се направи баланс помеѓу старото и новото, да не се запостави мисијата на библиотеките - популаризација на читањето но, и да се пронајдат нови содржини. Затоа библиотеката ја следи динамиката на новата ера и се труди да одговори на новите предизвици кои ги наметнува современиот начин на живот.

Во 2024година интересот за книгата беше забележан кај сите категории читатели (деца, средношколци, студенти, вработени, невработени и пензионери). Читателите беа непрекинато услужувани и во целост беа задоволувани нивните културни потреби. Бележиме зголемен број читатели, зголемен број набавени книги и голем број активности на институцијата, кои се најдобар показател дека чекориме по вистинскиот пат и дека континуирано ја унапредуваме библиотеката. Со тоа придонесовме граѓаните, но пред сè, учениците, максимално да ги користат книжните фондови со кои располага Библиотеката и другите услуги кои ги нуди таа, следејќи ги сите светски трендови во областа на библиотекарството и информациските технологии.

Локална библиотека „Гоце Делчев“ Велес

/Директор/

Снежана Бошевска

ЛОКАЛНА БИБЛИОТЕКА
"ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
02-53/1
13.02.2025

Локална библиотека „Гоце Делчев“ Велес
ул. „Алексо Демниевски“ бр. 11 Велес, тел:043/212 032
е-адреса:contact@bibliotekaveles.org.mk www.bibliotekaveles.org.mk

Управниот одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес на седницата одржана на ден 13.2.2025 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**

за усвојување на Извештајот на работењето на

Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2024 година

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за работењето на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2024 година од страна на членовите на Управниот одбор.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила веднаш по нејзиното донесување.

Претседател на Управен одбор на

Локалната библиотека„Гоце Делчев“ Велес

П. Најдова
---------------------------------------------

Павлина Најдова

ЛОКАЛНА БИБЛИОТЕКА "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВЕЛЕС